# 55. Цокелооj

**Цокелооj** е **нов** род од Лешок, кои се доселени од Сетоле. Слава на родот Цокелооj е **Св. Ѓорѓија.** Куќата им е под Костоо и над Сандароските ливади до патот Јулица.

Се сретнува како, Запрљеej, Ѓољакооj, Јанини и др. Потребно е потомците да ја утврдат фактичката состојба, дали се работи за еден род или повеќе.

Од родот Цокелооj, ги познавам браќата Стојан и Алексо. Стојан со сопругата Зарфина имаат четири деца: Васе, Петко, Живко и Стојна, а Алексо не формира семејство.

Васе е најстар и има син Благоја и ќерка Кате. Благоја (Благојче) има усвоено дете Небојша, а Кате е мажена за Среќко од Шукооj од Лешок и има три деца: Јовица, Борче и Игор Ристовски.

Петко(Пере) Петрушевски со сопругата Веска, медицинска сестра, имаат син Владимир и ќерка Анета. Владимир останува да живее и работи во Лешок, додека Анета се сели во Скопје и работи во Приватната болница РЕ Медика – Скопје.

Живко Стојанов Спироски се пресели во Скопје, оженет и има две ќерки Славица, која работи во Алкалоид и Зорица, која работи во Реплек. Славица име две ќерки, Кристина и Николина, а Зорица има ќерка Анастасија,програмер,во Минесота. Живко, работеше во Алкалоид и беше ловџија.

Стојна Спироска е мажена во Гостивар,има ќерка Ирена и син Игор, кој е во Детроит и има син Војдан. Ирена Трајчевска има синови Ѓорѓи и Јован. Ирена е професор Сред. Економско,Гостивар.

Инаку, со Живко (Жике) Спироски е генерација сестра ми Милица, а со Стојна заедно учевме во прва година во Гимназија. Лицата од овој род гиословувавме со прекарот: Цоке, Пере-Цоке, Жике-Цоке, Стојна-Цоке и др. Интересно е дека Живко и Стојна се презиваат Спироски и треба да истражат за предокот Спиро, бидејќи немаат родовска врска родот Цокелооj со фамилијата Спироски од родот Лалошои од Лешок.

Петко Петрушевски е дипломиран агроном кој работеше во ЗИК БОРЕЦ, Лешок и даде голем придонес за растежот на Стопанството Борец, Лешок.

Жике - Цоке и Пере - Цоке, играа за ФК ОНИКС, Лешок и дадоа голем придонес за успесите на клубот во Тетовскиот потсојуз. Види, Лешок-75 Години Спорт ( Р. бр.23, стр.129-166 ).

Петко Петрушевски (1939 – 2013 ) е значајна личност од Лешок, кој даде голем и значаен придонес за развојот и растежот на овоштарниците во Лешок и Прељубиштее на Стопанството Борец од Лешок, ФК Оникс, Лешок и воопшто за афирамацијата на нашето село, за кого напишав биографија во книгата Лица од Лешок. (Р. бр. 25, стр. 149-150 ). http://spiroski.com.mk/

Види, ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148 - 157 во ТОМ-1; Р. бр. 3 и 23, стр. 137-14 ; Р. бр. 12 и 14, стр. 61-63 и стр. 95; Р. бр. 7, стр. 83- 84; Р. бр. 8, стр. 91- 92; Р. бр. 19, стр. 76 -80 и Р. бр. 23, стр.129-166).

**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 71, 92, 113-114, 211, 223, 236, 260, 261, 267, 285,), **Ѓољакооj, Јанини, Кокооj, Оникс, род, слава, Стопанство, фудбал, ФК Оникс, Цокелооj, Школо, Шукооj,**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  | |
| Петко + | Живко | Стојна | Владимир | Благоја | |